РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 08 – 40/1
24.03. 2025 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

# ЈАВЕН ПОВИК

Општина Валандово ги повикува граѓаните кои имаат причинета материјална штета настаната како последица на ниските температури и појавата на слана, која го зафати подрачјето на Општина Валандово на ден 20.03.2025 година и 21.03.2025 година (четврток и петок), да ја пријават штетата до Општинската Комисија за процена на штети од елементарни непогоди.

Барањето за пријавување на штета пополнето со бараните податоци и документи се доставува до Архивата на Општина Валандово на ул.Иво Лола Рибар бр.3, најдоцна до 01.04.2025 година.

Во Барањето потребно е да се опише настанатата штета и точната локација која се пријавува.

Во прилог на Барањето, подносителот треба да достави:

- копија од лична карта/копија од тековна состојба;
- копија од трансакциска сметка;
- доказ за сопственост/користење на недвижен имот (имотен лист, договор за закуп);
- пријава на штета*;
- изјава за штета*;
- изјава дека имотот не е осигуран*;

Пријавувањето на штетите може да се изврши во рок од 6 (шест) работни дена, односно најдоцна до 01.04.2025 година.

Барањата ќе бидат обработени од страна на Општинска комисија за процена на штети од елементарни непогоди и ќе биде изготвен Првичен Извештај, кој ќе биде проследен до Советот на Општина Валандово и до Влада на Република Северна Македонија.

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Општинска комисија за процена на штети
од елементарни непогоди